# СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 602-3-291

Среда, 8 јуни 1966
БЕЛГРАД
БРОЈ 23 ГОД. XXII

Цена на овој број е 0,75 (75) дин. — Претплата за 1966 година изнесува 38 (3.800) дин. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671


238.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОДАТНИОТ ИНТЕРЕС НА ПОТРОШУВАЧКИТЕ КРЕДИТИ

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за додатниот интерес на потрошувачките кредити, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 13 мај 1966 година и на седницата на Стопанскиот собор од 1 јуни 1966 година.

ПР бр. 422
2 јуни 1966 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОДАТНИОТ ИНТЕРЕС НА ПОТРОШУВАЧКИТЕ КРЕДИТИ

Член 1

Во законот за додатниот интерес на потрошувачките кредити („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/65) во членот 1 зборовите: „31 јули 1965 година" се заменуваат со зборовите: „24 јули 1965 година".

Член 2

Во членот 6 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбите од овој закон не се применуваат на потрошувачките кредити дадени пред 24 јули 1965 година за купување автомобили на оние корисници на тие кредити на кои им се испорачани автомобили по 24 јули 1965 година по наголемени цени."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

239.

Врз основа на членот 174 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 13 мај 1966 година и на седницата на Стопанскиот собор од 1 јуни 1966 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОД ИНТЕРЕСОТ ШТО И' ОСТАНУВА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НЕЈЗИНИТЕ ЗАДАЧИ

1. Од интересот што ќе го оствари по дадените кредити во 1966 година, на Народната банка на Југославија ѝ останува износ од 57,620.000 динари како надоместок за извршување на нејзините задачи во 1966 година и за покривање определени видови трошоци што банката ќе ги направи по работите и за сметка на Федерацијата.

2. Од износот од точката 1 на оваа одлука Народната банка на Југославија ќе користи 36,193.580 динари за покривање определени видови трошоци што ќе ги направи по работите и за сметка на федерацијата (трошоци за емитирање на парите, стимулативна провизија на овластените менувачи, трошоци на менувачката служба на собори, трошоци на механографската обработка на пријавите за склучени работи на извоз и трошоци за проучавање на паритетот на динарот).

Ако според завршната сметка на Народната банка на Југославија за 1966 година определените видови трошоци од ставот 1 на оваа точка се остварат во вкупен износ понизок од 36,193.580 динари, за настаната разлика се намалува износот на име дел од интересот утврден во точката 1 на оваа одлука.

Ако според завршната сметка на Народната банка на Југославија за 1966 година определените видови трошоци од ставот 1 на оваа точка се остварат во вкупен износ кој надминува 36,193.580 динари, Сојузниот извршен совет може да одлучи настанатата разлика да се покрие од средствата од интересот што Народната банка на Југославија ќе го оствари по дадените кредити.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Сојузна скупштина**

АС бр. 584
2 јуни 1966 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Едвард Кардељ,** с. р.

Претседател
на Стопанскиот собор,
**Осман Карабеговиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

**240.**

Врз основа на членот 32 од Основниот закон за хидрометеоролошката служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65 и членот 10 ст. 1 и 2 од Законот за сојузниот буџет за 1966 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/65), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО СОЈУЗНИОТ ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ЗАВОД ГИ ОСТВАРУВА СО ВРШЕЊЕ УСЛУГИ

1. Приходите што ги остварува со вршење на свои услуги Сојузниот хидрометеоролошки завод ќе ги користи како средства за вршење на редовната дејност.

Приходите од услугите и нивниот потрошок посебно ќе се искажат во книговодството на Заводот.

2. Средствата остварени со вршење на услугите Сојузниот хидрометеоролошки завод ќе ги користи врз основа на финансискиот план и завршната сметка на Заводот по своја одлука почнувајќи од 1 јануари 1966 година.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 46
26 мај 1966 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

---

**241.**

Врз основа на членот 32 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за индустрија и трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА ТАРИФАТА ЗА НАПЛАТА НА ЖИГОВИНА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРЕГЛЕД И ТИПСКО ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

1. Тарифата за наплата на жиговината и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила, која е составен дел од Наредбата за Тарифата за наплата на жиговината и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 23/64), се менува и гласи:

## „ТАРИФА

### за наплата на жиговина и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила

ДЕЛ I — ЖИГОТИНА ЗА ПРЕГЛЕД НА МЕРИЛА

**А. Мерила за должина**

Тар. бр. 1

| | Дин./парче |
|---|---|
| 1 Мерила за должина: | |
| 1) едноставни и сложени мерила од трговска класа на точност: | |
| до 1 метар — — — — — — | 0,96 |
| над 1 до 5 метра — — — — — | 3,60 |
| над 5 метра — — — — — — | 7,20 |
| 2) мерила во форма на лента: | |
| до 2 метра — — — — — — | 0,30 |
| над 2 до 10 метра — — — — — | 4,00 |
| над 10 метра — — — — — — | 10,00 |
| 3) за преглед на прецизни мерила се наплатува троен износ од тар. ставови 1 и 2; | |
| 4) паралелни гранични мерила од класа на точност од 0,1 до 1 микрометар: | |
| до 25 mm должина — — — — | 15,00 |
| над 25 до 100 mm должина — — | 20,00 |
| над 100 до 500 mm должина — — | 25,00 |
| над 500 до 1000 mm должина — | 30,00 |
| 5) за преглед на паралелни гранични мерила од класа на точност од 0,05 микрометра до 200 mm должина се наплатува двоен износ на жиговина од тар. став 4; | |
| 6) индустриски мерила: | |
| микрометри — — — — — — | 20,00 |
| мерила за дебелина — — — — | 15,00 |
| длабинометри — — — — — | 15,00 |
| 2. Справи за дебелина: | |
| справи од трговска класа на точност: | |
| до 1 метар — — — — — — | 1,80 |
| над 1 метар — — — — — — | 3,60 |
| 3. Справи за мерење должина — — — | 36,00 |

Тар. бр. 2

| | |
|---|---|
| Таксаметри — — — — — — | 12,00 |

**Б. Мерила за маса**

Тар. бр. 3

| | |
|---|---|
| 1. Ваги од трговска класа на точност: | |
| 1) ваги со една положба од рамнотежа: | |
| до 20 килограми — — — — — | 2,40 |
| над 20 до 100 килограми — — — | 3,60 |
| над 100 до 200 килограми — — — | 6,00 |
| над 200 до 500 килограми — — — | 9,60 |
| над 500 до 1000 килограми — — | 12,00 |
| над 1000 до 5000 килограми — — | 30,00 |
| над 5000 до 10000 килограми — — | 60,00 |
| над 10000 до 20000 килограми — — | 120,00 |
| над 20000 до 50000 килограми — — | 240,00 |
| над 50000 килограми, за секои започнати 10000 килограми уште по | 60,00 |
| 2) за преглед на наклонска вага или вага со наклонска направа до 5000 килограми се наплатува двоен износ на жиговината од тар. став 1 а за преглед на таква вага над 5000 килограми, покрај износот од тар. став 1 — уште по — — — — | 36,00 |
| 3) за преглед на вага за пакување или на вага за специјални цели, со автоматска или полуавтоматска направа — за мерење на кабасти, зрнени или други материјали, а со кои се мери само еден вид материјали: | |
| до 50 килограми — — — — — | 36,00 |
| над 50 килограми — — — — | 60,00 |
| За преглед на ваги од тар. став 3 со кои се мерат повеќе видови материјали се наплатува за секој понатамошен вид материјал за 50% поголема жиговина од жиговината утврдена за вагите со кои се мери само еден вид материјал; | |
| 2. Ваги на транспортна лента — — — | 240,00 |

Дин./парче

3. За преглед на прецизна вага се наплатува двоен износ на жиговината од тар. став 1 точка 1;
4. Аналитички ваги — — — — — 24,00

Тар бр. 4

Справи за мерење хектолитарска тежина на жито од 1/4 и 1 литар 12,00

Тар. бр. 5

Тегови:

1) тегови од трговска класа на точност:
   од 1 до 500 грама — — — — — 0,12
   од 1 до 5 килограми — — — — 0,24
   од 10 до 50 килограми — — — 1,20
2) прецизни тегови:
   од 1 до 500 милиграми — — — 0,36
   За преглед на тегови од 1 грам до 20 килограми се наплатува двоен износ на жиговината од тар. ставови 1 и 2;
3) за преглед на каратни тегови се наплатува жиговина како за прецизни тегови;
4) аналитички тегови:
   1) класа F — — — — — — — 0,60
   2) класа V — — — — — — — 1,20
5) за преглед на специјални тегови, како и на тара-тегови, што на преглед ги поднесуваат произведувачите и лица што поправаат и преправаат мерила, се наплатува ист износ на жиговина како за тегови од трговска класа на точност од тар. став 1;

**В. Мерила за површина**

Тар. бр. 6

1. Справи за мерење површина — — 72,00
2. Планиметри — — — — — — — 30,00

**Г. Мерила за зафатнина**

Тар. бр. 7

Обични мерила за зафатнина:

1. Мерила за мерење течни и сипки материи од трговска класа на точност:
   до 2 литра — — — — — — 0,36
   над 2 до 5 литра — — — — — 1,20
   над 5 до 50 литра — — — — — 3,60
   од 1 хектолитар — — — — — 6,00
   над 1 хектолитар — — — — — 12,00
2. Рамки за мерење дрва:
   до 2 кубни метра — — — — — 2,40
   над 2 кубни метра — — — — 3,60

Тар. бр. 8

Мерила за млеко:

1. Канти за млеко:
   до 5 литра — — — — — — 1,20
   над 5 до 10 литра — — — — — 2,40
   над 10 литра — — — — — 3,60
2. Справи за мерење млеко:
   до 5 литра — — — — — — 6,00
   над 5 до 10 литра — — — — — 9,60
   за секои понатамошни започнати 10 литра уште по — — — — — 1,20

Дин./парче

Тар. бр. 9

Справи за мерење течни горива и други течности:

1. Справи со садови за мерење, според вкупната зафатнина на тие садови, и тоа:
   до 2 литра — — — — — — 3,60
   над 2 до 5 литра — — — — — 6,00
   над 5 до 50 литра — — — — — 9,60
   над 50 литра — — — — — — 18,00
2. Справи со механички направи за мерење проток:
   до 30 литра во минута — — — 18,00
   над 30 до 150 литра во минута — 36,00
   над 150 литра во минута — — — 60,00
3. Справи со механички направи за мерење мешаници од течни горива, за 1 справа — — — — — — — — 72,00

Тар. бр. 10

Цистерни (резервоари, танкови):

1. Ако зафатнината се определува по мокар пат:
   1) до 5000 литра зафатнина, за секои 100 литра зафатнина — за цистерни без поделба, по — — — — 0,36
   2) до 5000 литра зафатнина, за секои 100 литра зафатнина — за цистерни со поделба, по — — — — — 1,20

   Остаток помал од 100 литра се смета како полни 100 литра;

   3) за преглед на цистерна над 5000 литра зафатнина износот на жиговината се наплатува според работното време потрошено за испитување, сметајќи за секој започнат работен ден на еден работник 48 динари.
2. Ако зафатнината се определува по сув (геометриски) пат:
   1) за сувоземни резервоари (освен за резервоари од топчеста форма), со зафатнина:
      до 30 $m^3$ — — — — — — — 336,00
      над 30 до 100 $m^3$ — — — — — 420,00
      над 100 до 250 $m^3$ — — — — — 516,00
      над 250 до 500 $m^3$ — — — — — 624,00
      над 500 до 1000 $m^3$ — — — — 840,00
      над 1000 до 2000 $m^3$ — — — — 1.020,00
      над 2000 до 5000 $m^3$ — — — — 1.260,00
      над 5000 до 10000 $m^3$ — — — — 1.920,00
      над 10000 до 20000 $m^3$ — — — — 2.520,00
      над 20000 $m^3$ за секои понатамошни започнати 100 $m^3$ уште по — 300,00
   2) за сувоземни резервоари од топчеста форма, со зафатнина:
      до 50 $m^3$ — — — — — — — 774,00
      над 50 до 100 $m^3$ — — — — — 1.080,00
      над 100 до 250 $m^3$ — — — — — 1.356,00
      над 250 до 500 $m^3$ — — — — — 1.800,00
      над 500 $m^3$, за секои понатамошни започнати 50 $m^3$ уште по — — — 240,00
   3) за танкови на речни пловни објекти за превоз на течности:
      до 4 комори — — — — — — 2.544,00
      над 4 до 6 комори — — — — 3.600,00
      над 6 до 8 комори — — — — 4.500,00
      над 8 до 12 комори — — — — 5.520,00
      над 12 комори, за секоја понатамошна комора уште по — — — 360,00

Дин./парче

4) за речни пловни објекти што имаат комори за сместување гориво и мазиво за сопствена потрошувачка, за 1 комора:

| | |
|---|---|
| до 30 m³ — — — — — — — — | 444,00 |
| над 30 до 50 m³ — — — — — | 540,00 |
| над 50 до 100 m³ — — — — — | 660,00 |
| над 100 m³, за секои понатамошни започнати 10 m³ уште по — — — | 60,00 |

5) за танкови на помошни пловни објекти за превоз на течности, со зафатнина:

| | |
|---|---|
| до 500 m³ — — — — — — — — | 4.020,00 |
| над 500 до 1000 m³ — — — — | 5.520,00 |
| над 1000 до 2000 m³ — — — — | 8 064,00 |
| над 2000 до 5000 m³ — — — — | 11.976,00 |
| над 5000 до 10000 m³ — — — — | 17.220,00 |
| над 10000 до 20000 m³ — — — | 24.720,00 |
| над 20000 до 30000 m³ — — — — | 37.920,00 |
| над 30000 m³, за секои понатамошни започнати 1000 m³ уште по | 1.800,00 |

6) за поморски пловни објекти што имаат комори за сместување гориво и мазиво за сопствена потрошувачка, за 1 комора:

| | |
|---|---|
| до 50 m³ — — — — — — — — | 774,00 |
| над 50 до 250 m³ — — — — — | 1.200,00 |
| над 250 до 500 m³ — — — — — | 1.800,00 |
| над 500 до 1000 m³ — — — — | 3.000,00 |
| над 1000 m³, за секои понатамошни започнати 1000 m³ уште по — — | 420,00 |

Тар. бр. 11

Буриња обични или за пиво:

| | |
|---|---|
| до 2000 литра зафатнина, за секои 100 литра зафатнина по — — | 0,96 |
| над 2000 литра зафатнина, за секои понатамошни 100 литра зафатнина уште по — — — — — — | 0,36 |

Остаток помал од 100 литра се смета како 100 литра.

Тар. бр. 12

Каци за комиње:

| | |
|---|---|
| за секој хектолитар зафатнина — | 0,96 |

Тар. бр. 13

Стаклени балони:

| | |
|---|---|
| до 6 литра — — — — — — — | 0,96 |
| над 6 до 11 литра — — — — — — | 1,80 |
| над 11 литра — — — — — — — | 3,00 |

Тар. бр. 14

Угостителски садови:

| | |
|---|---|
| шишиња, чаши и бокали — — — | 0,04 |

Тар. бр. 15

Гасомери:

| | |
|---|---|
| со проток до 0,5 m³/h — — — | 3,00 |
| со проток над 0,5 до 4 m³/h — — | 9,60 |
| со проток над 4 до 15 m³/h — — | 18,00 |
| со проток над 15 до 100 m³/h — — | 36,00 |
| со проток над 100 m³/h — — — | 60,00 |

Тар. бр. 16

Водомери:

| | |
|---|---|
| со проток до 20 m³/h — — — — | 3,00 |
| со проток над 20 до 100 m³/h — — | 9,60 |
| со проток над 100 до 1000 m³/h — | 18,00 |
| со проток над 1000 до 10000 m³/h | 60,00 |
| со проток над 10000 m³/h — — | 96,00 |

Дин./парче

**Д. Мерила за густина**

Тар. бр. 17

1. Ареометри:

| | |
|---|---|
| 1) ареометри без термометар, што се испитуваат на 5 точки од скалата | 6,00 |
| 2) ареометри со термометар, што се испитуваат на 5 точки од скалата — — — — — — — — | 6,00 |
| 3) ареометри без термометар, што се испитуваат на 3 точки од скалата | 4,00 |
| 4) ареометри со термометар, што се испитуваат на 3 точки од скалата | 5,00 |

2. Алкохолометри:

| | |
|---|---|
| 1) без термометар — — — — — | 4,80 |
| 2) со термометар — — — — — | 6,00 |

**Ѓ. Мерила за притисок**

Тар. бр. 18

1. Мерила за мерење притисок:

| | |
|---|---|
| 1) обични манометри: | |
| до 10 kp/cm² — — — — — — | 2,40 |
| над 10 до 100 kp/cm² — — — — | 4,80 |
| над 100 kp/cm² — — — — — | 7,20 |
| 2) вакуум-метри - — — — — — | 15,00 |
| 3) мановакуум-метри — — — — | 15,00 |
| 4) за преглед на прецизни мерила се наплатува двоен износ од тар. ставови 1 до 3. | |
| 2. Справи за мерење артериски притисок — — — — — — — — — | 10,00 |

**Е. Мерила за електрична енергија и снага**

Тар. бр. 19

1. Електрични броила (струјомери):

| | |
|---|---|
| 1) броила со еден мерен елемент — | 3,00 |
| 2) броила со два или повеќе мерни елементи — — — — — — — — | 8,40 |
| 3) за реактивни броила, за броила со две или повеќе тарифи, како и за броила со помошни направи, износот на жиговината се зголемува: | |
| за броилата од тар став 1 уште за | 1,00 |
| за броилата од тар. став 2 уште за | 3,00 |
| 4) за преглед на прецизни броила од класа 1 или 0,5 се наплатува двоен износ на жиговината од тар. ставови 1 и 2. | |
| 2. Ватметри — — — — — — — — | 36,00 |
| 3. Покажувачи на симетријата на напонот — — — — — — — — — | 100,00 |

Тар. бр. 20

Мерни трансформатори:

| | |
|---|---|
| 1) струјни мерни трансформатори, за еден опсег на мерење, од напонски ред до 0,5 kV, класа 1 — — — | 10,00 |
| За секој понатамошен опсег на мерење уште по — — — — — | 5,00 |
| 2) струјни мерни трансформатори, за еден опсег на мерење, од напонски ред до 0,5 kV, од класа 0,5, 0,2 или 0,1 - — — — — — — — — | 20,00 |
| За секој понатамошен опсег на мерење уште по — — — — — | 10,00 |

| | Дин./парче |
|---|---|
| 3) струјни мерни трансформатори, за еден опсег на мерење, од напонски ред над 0,5 kV, класа 1: | |
| до 500 А — — — — — — — — | 24,00 |
| над 500 А — — — — — — — | 36,00 |
| За секој понатамошен опсег на мерење уште по — — — — — | 12,00 |
| 4) напонски мерни трансформатори, за еден опсег на мерење, од класа 1: | |
| за напони до 10 kV — — — — | 24,00 |
| за напони над 10 до 35 kV — — | 36,00 |
| за напони над 35 до 100 kV — — | 60,00 |
| за напони над 100 kV — — — — | 120,00 |
| За секој понатамошен опсег на мерење уште по — — — — — | 12,00 |
| 5) напонски мерни трансформатори, за еден опсег на мерење, од класа 0,5, 0,2 или 0,1: | |
| за напони до 10 kV — — — — | 24,00 |
| за напони над 10 до 35 kV — — | 36,00 |
| за напони над 35 до 100 kV — — | 60,00 |
| за напони над 100 kV — — — | 120,00 |
| За секој понатамошен опсег на мерење уште по — — — — — | 12,00 |

**Ж. Мерила за температура**

Тар. бр. 21

| | |
|---|---|
| Термометри: | |
| 1. Лабораториски термометри (со течност) за испитување на една точка во температурниот опсег: | |
| — 35°C до — 1°C — — — — | 3,00 |
| — 1°C до + 55°C — — — — | 2,00 |
| + 55°C до + 105°C — — — — | 3,00 |
| + 105°C до + 205°C — — — — | 3,00 |
| + 205°C до + 305°C — — — — | 5,00 |
| + 305°C до + 515°C — — — — | 6,00 |
| + 515°C до + 705°C — — — — | 8,00 |
| 2. Индустриски термометри — — — | 4,00 |
| 3. Термометри за инкубатори — — — | 2,00 |
| 4. Термометри за медицински апарати | 3,00 |
| 5. Медицински термометри — — — | 0,50 |
| 6. Термометри за специјални цели — | 5,00 |

## ДЕЛ II — НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРЕГЛЕД НА УРЕДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

Тар. бр. 22

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување на мерни направи на ваги — — — — — — — — — | 400,00 |

Тар. бр. 23

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување на буриња, со зафатнина на котелот: | |
| до 100 литра — — — — — — — — | 24,00 |
| над 100 до 600 литра — — — — — | 48,00 |
| над 600 до 1000 литра — — — — — | 120,00 |
| над 1000 литра, за секои полни или започнати 100 литра уште по — — — | 6,00 |

Тар. бр. 24

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување на угостителски садови — — — — — — — — — | 60,00 |

Тар. бр. 25

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување гасомери, со зафатнина на котелот: | |
| до 100 литра — — — — — — — — | 24,00 |
| над 100 до 600 литра — — — — — | 48,00 |
| над 600 до 1000 литра — — — — — | 120,00 |
| над 1000 литра, за секои полни или започнати 100 литра уште по — — — | 6,00 |

Тар. бр. 26

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување водомери, со зафатнина на котелот: | |
| до 100 литра — — — — — — — — | 24,00 |
| над 100 до 600 литра — — — — — | 48,00 |
| над 600 до 1000 литра — — — — — | 120,00 |
| над 1000 литра, за секои полни или започнати 100 литра уште по — — — | 6,00 |

Тар. бр. 27

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување манометри — | 300,00 |

Тар. бр. 28

| | |
|---|---|
| Уреди за испитување струјомери: | |
| со еден мерен елемент — — — — — | 60,00 |
| со повеќе мерни елементи — — — — | 180,00 |

## ДЕЛ III — НАДОМЕСТОЦИ ЗА ТИПСКО ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

Тар. бр. 29

| | |
|---|---|
| За типско испитување на мерила — — | 120,00 |
| За дополнително типско испитување на мерила — — — — — — — — — | 24,00 |

Како дополнително типско испитување на мерила, во смисла на оваа тарифа, се подразбира дополнително испитување на ново мерило на кое се извршени некои измени или дополненија што не ги менуваат првобитните карактеристики на мерилото.

## ДЕЛ IV — НАДОМЕСТОЦИ ВО ВРСКА СО ПРЕГЛЕДОТ И ТИПСКОТО ИСПИТУВАЊЕ НА МЕРИЛА

Тар. бр. 30

| | |
|---|---|
| Испитување мерни направи за мосни ваги | 12,00 |

Тар. бр. 31

| | |
|---|---|
| Дотерување специјални тегови што ги употребуваат производители и лица што поправаат и преправаат ваги и тегови, за секој тег — — — — — | 0,60 |

Тар. бр. 32

| | |
|---|---|
| Дотерување аналитички тегови: | |
| 1) класа F — — — — — — — — — | 1,20 |
| 2) класа V — — — — — — — — — | 2,40 |

Тар. бр. 33

| | |
|---|---|
| За користење нормални тегови (тара-тегови) на органите на контрола од страна на производителите и лицата што поправаат и преправаат мерила, а што се должни да му обезбедат на органот на контролата опрема за вршење преглед, и тоа за времето за кое ги користат тие тегови без органот на контролата, по килограм и започнат ден по — — — — | 0,2 |

Тар. бр. 34

| | |
|---|---|
| Превоз на опрема за вршење преглед на мерила со возило од органот на контролата: | |
| на оддалеченост до 10 километри — — | 9,60 |
| на секој понатамошен километар уште по | 1,60 |

| | Дин./парче |
|---|---|
| Тар. бр. 35 | |
| Лежарина: | |
| за вага, за ден — — — — — — — | 0,12 |
| за струјомер, за ден — — — — — | 0,12 |
| за буре, за ден — — — — — — — | 0,06 |

ЗАБЕЛЕШКИ КОН ДЕЛОВИТЕ I, II И IV ОД ТАРИФАТА

1. Ако прегледот на мерила се врши во деловните простории на работната организација што произведува, поправа или преправа мерила, а работната организација ги исполнува условите од членот 23 став 3 на Законот за мерните единици и мерилата, жиговината се намалува за 8% — за преглед на мерилата наведени во тар. бр. 1 точка 1 тар. ставови 1, 2, 3 и 6; тар. бр. 3 точка 1 тар. ставови 1 и 2 и точка 3; тар. броеви 4 до 8; тар. броеви 11 до 21 и тар. бр. 31, кога прегледот на мерилата се врши во деловните простории на работната организација што се наоѓаат во седиштето на органот на контролата, а за 15% — за преглед на такви мерила ако прегледот се врши во деловните простории на работната организација што се наоѓаат вон седиштето на органот на контролата.

2. За повремени прегледи на мерилата наведени во тар. броеви 1 до 9, 12, 17 и 19, се наплатува жиговина за 20% поголема од жиговината пропишана во тие тарифни броеви.

3. Ако странката бара задолжителен повремен преглед на мерила да се изврши во нејзините деловни простории, а по оценета од органот на контролата тој преглед може да се изврши во неговите службени (постојани или привремени) простории, од странката ќе се наплати двоен износ на жиговината од соодветните тарифни броеви.

4. За преглед и испитување на мерила наменети за извоз, што се вршат по барање од странката, се наплатува 50% од жиговината пропишана во соодветните тарифни броеви.

5. За преглед на мерила што не се наведени во оваа тарифа, жиговината и другите надоместоци се наплатуваат по работен час.

6. За испитување еталони и нормали се наплатува надоместок по работен час.

7. За мерење и други услуги во врска со прегледот и испитувањето на мерилата, што се вршат по барање од странката, надоместокот се наплатува по работен час.

8. Ако на жигосано мерило настане растројство на механизмот што е заштитен со службени жигови, а тоа растројство може да се отстрани со симнување на пломбите и со едноставно наместување на механизмот, надоместокот за повторно ставање жиг на мерилото се наплатува по работен час.

9. Ако странката бара органот на контролата да и издаде посебно уверение со податоците што таа ги бара за мерилото, ќе плати за издавање на такво уверение 50% од надоместокот определен во соодветните тарифни броеви.

10. За работен час врз основа на кој се пресметува жиговината односно други надоместоци за преглед на мерила предвидени во точ. 5, 6 и 7 од овие забелешки се наплатува од 12 до 24 динари."

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3210
23 мај 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
**Хакија Поздерац**, с. р.

242.

Врз основа на членот 117 став 1 од Основниот закон за заштитата при работата „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), во спогодба со државниот секретар за народна одбрана, сојузниот секретар за труд пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД ПРИДРЖУВАЊЕТО КОН ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТАТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ШТО ПРОИЗВЕДУВААТ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ВОЕНИ ПОТРЕБИ

1. Надзор над придржувањето кон прописите за заштитата при рабатата во претпријатијата што произведуваат за определени воени потреби вршат органите на инспекцијата на трудот според одредбите од Основниот закон за заштитата при работата, прописите донесени врз основа на тој закон и ова упатство.

2. За вршење на надзорот од точката 1 на ова упатство инспекторите на трудот мораат да имаат посебно овластување, што го издава државниот секретар за народна одбрана.

3. Ако при вршењето на надзорот од точката 1 на ова упатство се укаже потреба од стручни експертизи или од соработка на стручни установи и технички инспекции, инспекторот на трудот за учеството на овие лица ќе побара овластување од државниот секретар за народна одбрана.

4. Во претпријатијата или погоните во кои се работи со експлозивни материјали, инспекторот на трудот врши надзор од точката 1 на ова упатство со учество од стручњак што ќе го определи државниот секретар за народна одбрана.

5. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на вршењето на работите на службата на инспекцијата на трудот во Југословенската народна армија и во претпријатијата што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/60).

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1636
26 мај 1966 година
Белград

Сојузен секретар за труд,
**Ристо Џунов**, с. р.

243.

Врз основа на членот 38 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65 и 57/65) и членот 33 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСОЧИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗДАДЕНИТЕ ЛЕКОВИ

1. На име учество во трошоците за користење на издадените лекови, освен лековите за чија примена е потребна непосредна интервенција на стручен здравствен работник, осигуреното лице плаќа при издавањето во аптека или во друга здравствена установа 1 динар по издаден лек.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината

на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на издадените лекови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/62).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Ск. бр. 10/66
31 мај 1966 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Антун Павлиниќ,** с. р.

**244.**

Врз основа на членот 38 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/65 и 57/65) и членот 35 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), во согласност со директорот на Сојузниот завод за здравствена заштита, Собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ, СТАНДАРДИТЕ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ЗА РОКОВИТЕ ЗА ТРАЕЊЕ ЗА ПРОТЕТСКИТЕ И ОРТОТИЧКИТЕ СРЕДСТВА И САНИТАРНИ СПРАВИ

Член 1

Во Правилникот за индикациите, стандардите за материјали и за роковите за траење за протетските и ортотичките средства и санитарни справи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62) во членот 13 став 2 износот: „1.000" се заменува со износот: „20", износот: „2.000" се заменува со износот: „40" и износот „4.000" се заменува со износот: „55".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а нема да се применува на набавка на ортопедски обувки за кои надлежниот завод за социјално осигурање дал одобрение пред влегувањето во сила на овој правилник.

Ск. бр. 11/66
31 мај 1966 година
Белград

**Собрание на Југословенската заедница на социјалното осигурување**

Претседател,
**Антун Павлиниќ,** с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Решението за определување постојани гранични премини за меѓународен сообраќај, кој е објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 22/66, се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАНИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

Во точката 1 под 5) наместо зборот: „Кафа" треба да стои зборот: „Ќафа", а наместо зборот: „Рожај" треба да стои зборот: „Божај".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 3 јуни 1966 година.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА СО КОЈА СЕ ПОНИШТУВА ЧЛЕНОТ 26 ОД ПРИВРЕМЕНАТА ОДЛУКА ЗА ПРИМАЊЕ НА РАБОТА И ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА РАБОТНИЦИ ВО РАБОТНА ЗАЕДНИЦА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНА КАРЛОВАЦ, ВО ДЕЛОТ СО КОЈ СЕ ПРЕДВИДУВА ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА ПРОТИВ ВОЛЈАТА НА РАБОТНИКОТ И ПРЕД НАПОЛНУВАЊЕ НА ПРОПИШАНИОТ ПЕНЗИСКИ СТАЖ

Уставниот суд на Југославија, оценувајќи ја законитоста и уставноста на Привремената одлука за примање на работа и престанок на работата на работници во работната заедница на органите на управата на Собранието на општина Карловац, што ја донесе Советот на работната заедница во согласност со секретарот на Општинското собрание под бр. 01—8840/1 од 21 јули 1965 година, врз основа на членот 26 од Законот за Уставниот суд на Југославија и јавната расправа одржана на 13 мај 1966 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се поништува членот 26 од Привремената одлука за примање на работа и престанок на работата на работници во работната заедница на органите на управата на Собранието на општина Карловац, што ја донесе Советот на работната заедница во согласност со секретарот на Општинското собрание под бр. 01—8840/1 од 21 јули 1965 година, во делот со кој се предвидува да може на работникот во органите на управата на Собранието на општина Карловац да му престане работата против неговата волја и пред наполнување пензиски стаж од четириесет години (маж) односно пензиски стаж од триесет и пет години (жена).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и на огласната табла на Собранието на општина Карловац.

3. Уставниот суд на Југославија ја донесе својата одлука од следните разлози:

Ивас Марко, работник на Собранието на општина Карловац, побара Уставниот суд на Југославија да поведе постапка за оценување законитоста и уставноста на членот 26 од Привремената одлука, за кој смета дека е во спротивност со членот 104 од Основниот закон за работните односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65) и со членот 36 став 6 од Уставот на СФРЈ.

Со одредбата на членот 26 од Привремената одлука е предвидено да може на работникот против неговата волја да му престане работата во органите на управата на наведеното општинско собрание не само кога ќе наполни четириесет години пензиски стаж (маж) односно триесет и пет години пензиски стаж (жена), туку и кога ќе се здобие со право на пензија по други основи утврдени со прописите за пензионирање. Со ваквата одредба, според мислењето на предлагачот, првенствено се погодени пензионираните офицери на Југословенската народна армија на кои службата во Југословенската народна армија им престанала по потреба на службата пред наполнет пензиски стаж од четириесет години (маж) односно пензиски стаж од триесет и пет години (жена), што во времето на донесувањето на таа одлука се наоѓале на работа како членови на работната заедница на органите на управата на Собранието на општина Карловац.

По повод поднесената преставка Уставниот суд на Југославија поведе по сопствена иницијатива постапка за оценување на законитоста и уставноста на членот 26 на Привремената одлука.

При разгледувањето на ова прашање и донесувањето на својата одлука Уставниот суд тргна, пред сè, од со Уставот определената и со закон загарантирана постојаност на работникот на работа. Со денот на стапување на работа во работната организација работникот станува рамноправен член на

работната заедница во која стапува, презема должности и се здобива со правата на трудот и по основот на трудот. Работата во работната организација и членството во работната заедница може против волјата на работникот да престане само под условите и на начинот што се определени во сојузниот закон.

Со стапување на работа во органите на управата на Собранието на општина Карловац на неопределено време, пензионираните офицери на Југословенската народна армија стануваат рамноправни членови на работната заедница на тие органи, преземаат должности и се здобиваат со правата на трудот и по основот на трудот. Членството во работната заедница на тие органи против нивната волја може, според тоа, да им престане само на начинот и под условите што се определени во чл. 98 до 105, 109 и 110 на Основниот закон за работните односи

Наполнет пензиски стаж е еден од основите за престанок на работата во работната организација без согласување од работникот. Имајќи го тој основ предвид Основниот закон за работните односи во својот член 104 не предвидува да може на работникот без негово согласување да му престане работата и со пензиски стаж пократок од четириесет години (маж) односно пократок од триесет и пет години (жена). Со оглед на тоа дека одредбата на членот 26 од Привремената одлука овозможува на наведената категорија работници да може работата во органите на управата на општинското собрание да им престане без нивно согласување и со пензиски стаж пократок од утврдениот во законот, според оцената на Уставниот суд на Југославија таа одредба не е во согласност со законот. Од истите разлози таа одредба е противуставна, зашто допушта да може работниот однос на работникот против неговата волја да престане на начин противен на сојузниот закон (член 36 став 6 од Уставот на СФРЈ).

Уставниот суд на Југославија го поништи од изнесените разлози членот 26 на Привремената одлука во делот наведен во точката 1 на оваа одлука и на секој работник на кој со правосилен поединечен акт донесен врз основа на поништената одредба му е повредено со Уставот и законот загарантираното право од работен однос му даде можност да може да бара од судот односно друг орган или организација што го донесла поединечниот акт да го измени тој акт.

4. Оваа одлука е донесена на седницата на Уставниот суд на Југославија одржана на 13 мај 1966 година.

У бр. 288/65
13 мај 1966 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Блажо Јовановиќ**, с. р

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 3 став 3 и чл. 23 и 44 од Основниот закон за издавачките претпријатија и издавачките установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 44/59 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65) и чл. 6 и 8 од Законот за усогласување со Уставот на прописите за установите што ги основале сојузни органи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/65), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ИЗДАВАЧКИОТ САВЕТ НА ИЗДАВАЧКИОТ ЗАВОД „ЈУГОСЛАВИЈА“ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ДЕЛЕГИРААТ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО ТОЈ СОВЕТ

1. За членови на Издавачкиот совет на Издавачкиот завод „Југославија“ се именуваат:

1) Иво Андриќ, книжевник од Белград;

2) др Деан Медаковиќ, професор на Филозофскиот факултет во Белград;

3) Душан Вејновиќ, помошник претседател на Комисијата за културни врски со странство;

4) Ели Финци, управник на Југословенско драмско позориште;

5) Миодраг Протиќ, директор на Модерната галерија во Белград;

6) Маријан Матковиќ, книжевник од Загреб;

7) Предан Васја, публицист од Љубљана.

2. Во Издавачкиот совет на Издавачкиот завод „Југославија“ делегираат претставници:

1) Југословенската секција AICA (Меѓународно здружение на уметничките критичари);

2) Народниот музеј во Белград.

3. Организациите од точката 2 на ова решение делегираат во Издавачкиот совет на Издавачкиот завод „Југославија“ по еден претставник.

Р. п. бр. 74
11 мај 1966 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

# СОДРЖИНА:

Страна

238. Закон за измена и дополнение на Законот за додатниот интерес на потрошувачките кредити — — — — — — — 381
239. Одлука за определување на делот од интерест што ѝ останува на Народната банка на Југославија за извршување на нејзините задачи — — — — — — 381
240. Одлука за условите и начинот на користење на средствата што Сојузниот хидрометеоролошки завод ги остварува со вршење услуги — — — — — — — 382
241. Наредба за измени на Наредбата за Тарифата за наплата на жиговина и други надоместоци за преглед и типско испитување на мерила — — — — — — 382
242. Упатство за начинот на вршење надзор над придржувањето кон прописите за заштитата при работата во претпријатијата што произведуваат за определени воени потреби — — — — — — — — — 386
243. Одлука за височината на учеството на осигурените лица во трошоците за користење на издадените лекови — — — 386
244. Правилник за измени на Правилникот за индикациите, стандардите за материјали и за роковите за траење за протетските и ортотичките средства и санитарни справи — — — — — — — — — 387
Исправка на Решението за определување постојани гранични премини за меѓународен сообраќај — — — — — — — 387
Одлука на Уставниот суд на Југославија со која се поништува членот 26 од Привремената одлука за примање на работа и престанок на работата на работници во работна заедница на органите на управата на Собранието на општина Карловац, во делот со кој се предвидува престанок на работата против волјата на работникот и пред наполнување на пропишаниот пензиски стаж — — — — 387

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ“ Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград